**Јавен повик за проектни апликации наменет за правни и физички лица од редовите на дијаспората**

Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија ги повикува сите заинтересирани организации, здруженија и поединци, кои потекнуваат од редовите на дијаспората, да поднесат проектни пријави кои опфаќаат идеи и иницијативи од нивен интерес.

Утврдениот рок за аплицирање, трае 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот на веб страната на МНР, при што предлог - проектите пристигнати по овој датум нема да се разгледуваат. Проектите во скенирана форма се доставуваат до Министерството за надворешни работи преку електронската пошта на Дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП) на Република Северна Македонија во странство и паралелно, на e-mail seat.fejzuli@mfa.gov.mk. Доколку апликантот нема можност за скенирање на проектот, истиот се доставува по пошта до надлежното ДКП.

Информираме дека согласно внатрешниот Правилник на Министерството за надворешни работи за утврдување на постапката за доделување на проектни средства, наменети за потребите на дијаспората, од страна на Министерот за надворешни работи ќе биде формирана Комисија за разгледување и евалуација на пристигнатите проекти. Истата ќе изготви решение за распределба на проектните средства.

Апликантите, чии проекти ќе бидат одобрени/неодобрени од Министерството за надворешни работи, за истото ќе бидат информирани преку електронска пошта од страна на Министерството за надворешни работи.

**ПРОЕКТНА ПРИЈАВА**

*- работен НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ-*

## 1. Податоци за подносителот на Проектната пријава

Име и презиме (назив*):

______________________________

Година и место на раѓање (датум на регистрација*):

______________________________

Адреса:

______________________________

Образование (област на дејствување*):

______________________________

Контакт Телефон:

______________________________

Факс:

______________________________

E-mail:

______________________________

## 2. Информации за предлог-проектот:

2.1 Наслов на проектот (не повеќе од 15 збора):

______________________________

2.2 Аналитичка основаност на проектот:
(претходно спроведено истражување на терен)

______________________________

______________________________

______________________________

* Доколку подносителот е правно лице

2.3 Структура на проектот (активности што би се презеле доколку проектот биде одобрен од МНР)

2.4 Времетраење на проектот

2.5 Целна група и очекувани резултати

**3. Проектен буџет** (детална спецификација на средствата што се бараат)

**4. Вашето досегашно искуство во реализација на проекти**

-листа на реализирани проекти

1.
2.
3.
4.
5.

-проекти во кои имате земено учество

1.
2.
3.
4.
5.

**5. ДЕКЛАРАЦИЈА**

Потпишувајќи се подолу, потврдувам дека сите информации дадени во оваа пријава се целосни и точни.

Доколку мојот предлог-проект биде усвоен како дел од проектната листа на Министерството за надворешни работи и бидам вклучен во реализација, се обврзувам

на доследно исполнување на предвидените обврски, поднесување детален периодичен и завршен наративен и финансиски извештај, како и целосна соработка со претставникот на финансиската контрола определен од Министерството за надворешни работи

Име и Презиме:
Потпис:

М.П.

__________________

_________

Датум: ____.____.____
Место: _____________
Држава: _____________

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА**
**Директорат за Економска и Јавна Дипломатија**
**Сектор за дијаспора**

**Упатство за пополнување на пријавата**

За да се квалификувате за грант од програмата на Министерството за надворешни работи , потребно е да се исполнат следниве критериуми:

- Уредно пополнување на сите точки од оваа пријава
- Во т. 1 ги внесувате вашите податоци
- Во т. 2.2 треба да ги објасните причините, односно зошто мислите дека предлог-проектот е резултат на објективно констатирана потреба и реално придонесува во остварување на правата на припадниците на македонската дијаспора во резидентните земји односно како проектот би придонел за подобрување на врските со Северна Македонија
- Во т. 2.5 треба да посочите која категорија луѓе би биле опфатени со активностите и/или би биле корисници на тие активности и како тие активности би се одразиле на подобрување на нивната положба во резидентната земја односно на врските со Северна Македонија
- **Здруженијата или нивните партнер организации кои аплицираат за МНР проекти потребно е, доколку не постојат правни пречки во земјата на престојот, во прилог на проектната пријава да доставaт соодветен регистарски документ.**

**ВАЖНИ НАПОМЕНИ**

- ПОДНЕСУВАЊЕТО НА ПРОЕКТНА ПРИЈАВА НЕ ЗНАЧИ АВТОМАТСКИ И ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАНОТО. ВО СЛУЧАЈ ВАШИОТ ПРОЕКТ ДА БИДЕ ПРИФАТЕН, ЗА ТОА ЌЕ БИДЕТЕ ИЗВЕСТЕНИ И ЌЕ СЕ ПОТПИШЕ СООДВЕТЕН ДОГОВОР СО КОЈ ЌЕ СЕ ПРЕЦИЗИРА ОДОБРЕНАТА СУМА СРЕДСТВА И МОДАЛИТЕТИТЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРСКИТЕ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ
- Негативен одговор не се доставува со цел доколку во некоја идна прилика предложениот проект се наметне како остварлив и/или прифатлив да може да се активира
- Министерството за надворешни работи (СНП) **го задржува правото** да го прифати предложениот проект во прилагоден облик, односно под определени услови. Во случај предлагачот на проектот да не се согласи со таквите измени, ќе се смета дека ја повлекол проектната пријава

Проектната пријава, уредно потпишана и по можност електронски пополнета, се поднесува по пошта на следнава адреса:

До: МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
\- Директорат за Економска и Јавна Дипломатија –
\- Сектор за дијаспора -
ул. „Филип Македонски бр 7" 1000 Скопје,
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА